# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ



| Службен гласник на Општина Свети Николе<br><br>Излегува по потреба | 20.08. 2013 година<br>ден месец година<br>Свети Николе<br>Број 10 | ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА<br>Трезорска сметка 100000000063010<br>Буџетски корисник 7630140762- 630-10 |
|---|---|---|



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе„ бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за поднесување на предлог-проект во „ИПА Програмата за прекугранична соработка Грција - Република Македонија 2007-2013”**

Се објавува Одлука за поднесување на предлог-проект во „ИПА Програмата за прекугранична соработка Грција - Република Македонија 2007-2013” бр. 0701- 656, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 20.08. 2013 година.

**Бр. 0801- 658**
**20.08. 2013 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник бр. 5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 20.08.2013 усвои:

**ОДЛУКА**
**за поднесување на предлог-проект во „ИПА Програмата за прекугранична соработка Грција - Република Македонија 2007- 2013”**

**Член 1**

Оваа Одлука е согласност за поднесување на предлог-проект во "ИПА Програмата за прекугранична соработка 2007-2013, Грција - Република Македонија".

Името на проектот е **Заеднички пристап за управување и промоција на биодиверзитетот во прекуграничната област Грција - Македонија**.

ТРЕТ ПОВИК ЗА ПРОЕКТНИ ПРЕДЛОЗИ, Реф. Бр.: **301158/МА 3334**

Проектот е под приоритет и мерка на програмата – Промоција и заштита на природните ресурси во прекуграничната област со Универзитет „Аристотел" Солун (Водечки Партнер), Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола (Проект Партнер 1), Орган за управување со Езерото Керкини (Проект Партнер 2).

**Член 2**

Вкупниот буџет на проектот за Општина Свети Николе е **138.458 евра**, од кои Општината ќе обезбеди **20.769 евра** како кофинансирање, кое изнесува **15%** од буџетот на проектот за Општина Свети Николе.

**Член 3**

Средствата за оваа намена ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Свети Николе наменет за економски развој.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Член 5**

За потребите на проектот, донесената Одлука ќе биде преведена на англиски јазик.

**Бр.0701-656**
**20.08.2013**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе„ бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за поднесување на предлог-проект во „ИПА Програмата за прекугранична соработка Грција - Република Македонија 2007-2013"**

Се објавува Одлука за поднесување на предлог-проект во „ИПА Програмата за прекугранична соработка Грција - Република Македонија 2007-2013” бр. 0701- 657, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 20.08. 2013 година.

**Бр. 0801- 658/2**
**20.08. 2013 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев** ***с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник бр. 5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 20.08.2013 усвои:

**ОДЛУКА**
**за поднесување на предлог-проект во**
**„ИПА Програмата за прекугранична соработка**
**Грција - Република Македонија 2007- 2013”**

**Член 1**

Оваа Одлука е согласност за поднесување на предлог-проект во “ИПА Програмата за прекугранична соработка 2007-2013, Грција - Република Македонија”.

Името на проектот е **Иновативен претприемнички пристап на локално ниво и прекугранично ниво**.

ТРЕТ ПОВИК ЗА ПРОЕКТНИ ПРЕДЛОЗИ, Реф. Бр.: **301158/МА 3334**

Проектот е под приоритет и мерка на програмата - Зајакнување на прекуграничниот економски развој и е во партнерство со Општина Делта (Водечки Партнер 1), Меѓуопштинска Агенцијата на Западна покраина во Солун (Проект Партнер 3) и Економскиот факултет - Прилеп/Универзитетот во Битола (Проект Партнер 4).

**Член 2**

Вкупниот буџет на проектот за Општина Свети Николе е **171.744,80 евра**, од кои Општината ќе обезбеди **25.761,72 евра** како кофинансирање, кое изнесува **15%** од буџетот на проектот за Општина Свети Николе.

**Член 3**

Средствата за оваа намена ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Свети Николе наменет за економски развој.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе

**Член 5**

За потребите на проектот, донесената Одлука ќе биде преведена на англиски јазик.

**Бр.0701-657**
**20.08.2013**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за поднесување на предлог – проект во „ИПА Програмата за прекугранична соработка Грција – Република Македонија 2007 – 2013”, името на проектот е **Заеднички пристап за управување и промоција на биодиверзитетот во прекугранична област Грција – Македонија . . . . . . . . . . . стр.1**

2. Одлука за поднесување на предлог – проект во „ИПА Програмата за прекугранична соработка Грција Македонија 2007-2013”, името на проектот е **Иновативен претприемнички пристап на локално ниво и прекугранично ниво. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.2**

**Бр.0701-659**
**20.08.2013**
**Свети Николе**